ОПШТИНСКИ
# ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр.13 Април - Мај 2020

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk



## Заврши рехабилитацијата на патниот правец до манастирот Свети Јоаким Осоговски

Заврши рехабилитацијата на патниот правец до манастирот Свети Јоаким Осоговски, кој во изминатиот период беше затворен за сообраќај. Поставен е комплетно нов слој асфалт, санирани се постојните свлечишта, изградени се потпорни ѕидови, поставени се риголи долж целата траса, а делови од патот се проширени со цел непречено и безбедно одвивање на сообраќајот.



Проектот во висина од 16.000.000 денари, финансиски е поддржан од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Општина Крива Паланка.

## Модернизација на градскиот пазар во Крива Паланка

Општина Крива Паланка во соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој започна со реализација на проектот за модернизација на градскиот зелен пазар. Поставени се 120 покриени метални тезги, 30 подвижни дрвени тезги, како и 20 витрини со ладилник.



Вкупната вредност на инвестицијата е во висина од 6.948.700 денари, од кои 50% од средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка.



## Започнува реконструкцијата на тротоарите на улицата Свети Јоаким Осоговски

Општина Крива Паланка започнува со реализација на проект за реконструкција на околу 2.8 километри тротоарска површина од десната страна на улицата Свети Јоаким Осоговски, со почеток од влезот во Крива Паланка кон централното градско подрачје. Со градежните работи ќе бидат опфатени активности за вадење на сегашната подлога, поставување на нови рабници и поставување на бекатон површина.

Изведувач на градежните активности е економскиот оператор „Стоименов“ од Кочани, а висината на инвестицијата е од околу 10 милиони денари обезбедени преку Бирото за регионален развој.



## Изготвена техничка документација за два нови проекти за Крива Паланка

*Општина Крива Паланка, преку Министерството за финансии, обезбеди комплетна техничка документација за реализација на два нови проекти за граѓаните.*

**Изградба на нова сервисна улица од левата страна, покрај течението на Крива Река,** која ќе се протега од Градскиот пазар до Станица за технички преглед на моторни возила и **реконструкција на локален пат** (зад Домот) во с.Конопница.



## Асфалтирана улицата „Калин Камен“

Во рамки на Годишната програма на Општина Крива Паланка за изградба, реконструкција и одржување на локална патна инфраструктура, асфалтирана е улицата „Калин Камен“.
Со асфалтирање на оваа улица е решен долгогодишен проблем на жителите од овој дел на градот, а покрај поставениот нов асфалтен слој, напоредно течат активности за изработка на проект за надминување на проблемот со полумостовско решение, со што ќе се поврзе едниот со другиот дел на улицата.

Изведувач на работите е фирмата „Лабино трејд” .



## Улицата „Јоаким Крчовски“ во населба Белево со нов асфалт

Асфалтирана е улицата „Јоаким Крчовски“ во населба Белево, како дел од Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локална патна мрежа во Општина Крива Паланка.
Вкупната должина на улицата која е асфалтирана е 500 метри, со просечна широчина од 3.5 до 4 метри, а изведувач на градежните работи е фирмата „Лабино Трејд“ од Гостивар.

Финансиските средства за реализација на оваа инвестиција се во висина од 2 милиони денари и истите се обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка.




## Санирање на изворите на Калин Камен

Со оглед за зголемувањето на бројот на корисници и домаќинства во урбаниот дел на градот, како и најавата за сушна сезона во која е можен недостаток на вода за пиење, ЈП Комуналец со сопствени средства работи на санирање на изворите на Калин Камен.



Санирањето на изворите ќе овозможи дотур на нови количини на вода за пиење со што ќе се задоволат потребите за подолг период. Ставањето во функција на бунарскиот систем, како поскапа варијанта, ќе биде само како дополнителна можност за надминување на евентуалните недостатоци на вода за локалното население.

## Набавени 40 нови контејнери за смет

ЈП Комуналец изврши набавка на 40 нови контејнери за смет, поставени на локации на кои во изминатиот период беше констатирано дека се генерираат поголеми количини на отпад.



*Во следниот период, со Стратегијата за регионално управување со отпад, Општина Крива Паланка ќе добие донација од 192 садови за отпад. Со ова целосно би се задоволиле потребите на јавното комунално ппретпријатие на подолг временски рок.*



## Асфалтиран крак од улицата „Лозановска”

Асфалтиран е крак од улицата „Лозановска”, во рамки на Годишната програма за изградба, реконструкција и одржување на локална патна инфраструктура. Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка.



## Културно -историски парк „ГРАДЕЦ“

ЛУ Градски музеј од Крива Паланка започна со реализација на нов долгорочен проект наречен **Културно -историски парк „ГРАДЕЦ“** во с. Градец, проект од големо значење за развој на туризмот базиран на културно – историското наследство.



**Во фаза на реализирација следните подпроекти:**
Изработка на Локална урбанистичка планска документација за локалитет „Училиште“ и дворното место; Изработка на Основен проект за водоснабдување на објект „Училиште“ и црква „Св. Никола“ ; Санација и адаптација на дел од објект „Училиште“ и дворното место ; Валоризација на археолошки локалитет „Градиште“, Заштитни археолошки ископувања на локалитет „Градиште“.

Проектите се финансирани од Општина Крива Паланка и Министерството за култура.



## Изработка на стратегија за развој на туризам во општина Крива Паланка

Општина Крива Паланка во соработка со Друштвото за консалтинг ТАРГЕТ КОМУНИКАЦИИ започна изработка на локална стратегија за развој на туризмот.
Проектот е финансиски поддржан преку грант од Министерството за економија.

## Започна реализацијата на проектот „Младите од Бугарија и Македонија заедно за туризам како превенција на здравјето“

Центарот за развој на североисточениот планински регион (СИПР) и Фондацијата за здравствена превенција од Р.Бугарија, започнаа со реализација проектот „Младите од Бугарија и Македонија заедно за туризам како превенција за здравјето“, а во рамки на ИНТЕРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Бугарија и РС Македонија.



Дел од проектот опфаќа изградба на **мини голф игралиште** спроти градскиот парк, како и **модерна фитнес зона** која е лоцирана во самиот кеј на Крива Река. Дел од реквизитите и спортските инсталации ќе бидат адаптирани и за лица со попреченост.

Во понатамошниот тек на проектот ќе се организираат спортски игри и натпреварувања кои се планира да се востановат како пракса помеѓу младите од пограничниот регион.



## Започна изградба на баскет игралиште

***Подобра спортска инфраструктура, подобро здравје за сите***

*Градоначалникот Борјанчо Мицевски и директорот на Агенцијата за млади и спорт, Дарко Каевски направија обиколка на започнатите активности за изградба на ново и современо игралиште во спортскиот терен на ученичкиот дом Боро Менков.*
Ова современо игралиште ќе биде обложено со гумирана подлога и ќе биде опремено со реквизити за баскет на отворено.

Целосната финансиска рамка за изградба на спортското игралиште, во висина од околу 3 милиони денари е обезбедена од Агенцијата за млади и спорт, а крајниот рок за негова реализација е 4 месеци.




## Компанијата „Еколог“ донира таблети за учениците од Крива Паланка

*Општина Крива Паланка доби донација од 15 таблети од компанијата „Еколог интернационал“, на семејството Дестани од Тетово.*

Таблетите се доставени на основните училишта „Јоаким Крчовски “ и „Илинден“, а истите се наменети за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и не се во можност да ја следат онлајн наставата.



## Пакети со прехранбени производи и средства за хигиена за социјално ранливите категории

Со средства обезбедени од Општина Крива Паланка и од донации, Општинскиот штаб за заштита и спасување организираше повеќе акции за поделба на социјални пакети за социјално загрозените семејства од најразлични категории кои се евидентирани во системот на Центар за социјални работи, Крива Паланка. Пакетите покрај прехранбени продукти содржат и хигиенски и средства за дезинфекција како и заштитни маски и ракавици.

Во акцијата се вклучија поголем број на волонтерски тимови, здруженија на граѓани, членови на Општинскиот штаб, претставници на Совет на млади, членови на ОО Црвен Крст и поединци.



## Донирани пет кислородни апарати во Здравствениот дом во Крива Паланка



*Здравствениот дом во Крива Паланка доби донација од пет апарати за кислородна терапија т.н. кислородни концентратори. Апаратите се наменети за одделот за прием и негување заболени од ковид-19.*

Во согласност со насоките на Министерството за здравство, во Здравствениот дом од Крива Паланка е опремен еден ваков оддел, а за таа намена комплетно се уредени и опремени медицински простории, како за потенцијални пациенти така и за медицинскиот и помошниот персонал.

Петте апарати за кислородна терапија се донација од страна на општествено одговорни локални бизнисмени за овој оддел.




